Врз основа на Стратегијата за соработка на општина Битола со граѓанскиот сектор 2019 – 2022 и акцискиот план за развој на волонтерство 2019-2021, Општина Битола објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

за доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола на здруженија на граѓани и фондации за 2019 година за организирање на **Саем за волонтерство**

1. **Вовед**
   Овој повик се однесува на доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Битола на здруженија на граѓани и фондации за 2019 година за организирање на Саем за волонтерство во рамките на мерката: промоција на волонтерството на локално ниво, а во насока на остварување на заложбите на Општина Битола за поддршка на граѓанските организации во промоцијата и поттикнувањето на активизмот на граѓаните и нивната поголема вклученост во активности од суштествено значење за локалната заедница, како што е волонтирањето и општествената одговорност.

2. **Бодирани критериуми за аплицирање** (Максимум 100 бодови)
   2.1. Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите се:
      2.1.1. Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16) и
      2.1.2. Да имаат седиште во Општина Битола.
   2.2. Посебни проектни критериуми врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите се:
      2.2.1. Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство од областа на волонтерство и општествената одговорност). **30**.
      2.2.2. Опис на акција/проект (цели, резултати, активности, пристап). **30**.
      2.2.3. Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост). **20**.
      2.2.4. Буџет (соодветно изразени активности во буџетот и оправданост на трошоците). **20**.

*За да биде квалификувана за финансиска поддршка, апликацијата мора да освои најмалку 50 бодови.

3. **Временската рамка** за спроведување на саемот за волонтерство е октомври – декември 2019 година.

4. **Висината на финансиските средства** кои ќе се доделат за организација за Саемот за волонтерство изнесува најмногу до 175.000 денари.

5. **Поднесок на апликации**

5.1. Здруженијата и фондациите имаат право да поднесат една апликација за финансиска поддршка што може да биде одобрена од Комисијата за финансии и буџет.

5.2. Повеќе здруженија може да аплицираат заеднички со еден предлог проект за Саем за волонтерство.

6. **Потребна документација** за пријавување:

6.1. Пополнет Образец пријава и предлог проект (достапен на веб страната и шалтерите во Општина Битола).

* Доколку предлог проектот е поднесен од коалиција на здруженија или друг вид на партнерство, истото треба да се наведе во апликацијата и завери со потпис и печат.

6.2. Тековна состојба од Централен регистар на РМ (може и копија) не постара од 6 (шест) месеци.

6.3. Документацијата се доставува до Општина Битола - Одделение за економски развој, Булевар „1-ви Мај" бр.61, во рок од 8 дена од денот на објавување на овој повик (не сметајќи го денот на објавувањето) заклучно со 19.11.2019

**7. Користење на доделените средства**

7.1. Начинот на користење на финансиските средства ќе биде специфициран во договорот кој ќе биде склучен помеѓу здружението/фондацијата и општина Битола.

7.2. Одделение за економски развој го следи наменското трошење на доделените средства.

Бр.08-1072/1

11.11.2019год.

ГРАДОНАЧАЛНИК

м-р Наташа Петровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА